Врз основа на член 383, 384 и 387 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 27 од Статутот на УГОТУР АД Скопје, Одборот на директори на Друштвото

# ОБЈАВУВА

# П О В И К

До Акционерите за учество на Вонредното собрание на акционери на УГОТУР АД Скопје

Вонредното собрание ќе се одржи на ден 11.09.2013 година со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото на ул. 16-та Македонска бригада бр. 18 Скопје.

За работата на седницата на Вонредното собрание се предлага следниот:

## ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

### I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

Избор на Претседавач со Вонредното собрание
Избор на бројачи на гласови

### II. РАБОТЕН ДЕЛ

1. Донесување на Одлука за Отповикување и за избор на член на Одбор на директори на УГОТУР АД Скопје, и определување лице кое поднесува пријава за упис во трговскиот регистар .

**Вкупниот број на акции во УГОТУР АД Скопје и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик се 866160.**

**Согласно чл.383 ст.3 од ЗТД записникот ќе го води Нотар.**

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**
Секој акционер кој има намера да учествува на Вонредното собрание на Друштвото, е должен да го пријави своето учество на Вонредното собрание (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Вонредното собрание.

Пријавите да се достават до УГОТУР АД Скопје – Одбор на директори на Друштвото, или по електронски пат на ugotur.ad@hotmail.com

**Вонредното собрание ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.**

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат.

За полномошник на Вонредното собрание може да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Вонредното собрание за која им важи полномошното.
Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото www.ugotur.com.mk .

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна 8 (осум) дена од објавата на овој Повик во дневен весник, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото ugotur.com.mk.

Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на дневниот ред на седницата на Вонредното собрание на Друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интернет страницата на Друштвото.

Материјалите за Вонредното собрание на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на Друштвото на ул. 16-та Македонска бригада бр.18 Скопје, и на интернет страницата на Друштвото.

**Бр. 143/4**
**16.08.2013**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО**